Македонска Физика

електронско списание

12

Република Македонија

Јули 2013

ISSN 1857-8314

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски

СОРАБОТНИЦИ:

Стефан Илиевски

Наде Геневска Брачиќ

Весна Ничевска Саравинова

Дарко Дорошевски

Никола Анѓелкоски

Владо Јаневски

Милица Пашовска

Почитувани читатели,

Историјата на еден народ е светилник на времињата минати што го осветлува чекорењето на народот по патиштата на иднината. Оној што не ја познава историјата на својот народ е слеп патник што личи на отпадник кој не го сака својот и туѓите народи.

Списанието „Македонска Ризница" тежнее да биде дел од светлината во светилникот на македонскиот народ. За таа цел во изминатиот период започнавме соработка со признати историчари, етнолози и антрополози од Македонија, со цел списанието да има своја научна вредност.

Со својот уметнички талент многумина ценети писатели, поети и сликари ги збогатија страниците на „Македонска Ризница".

Овие изминати прекрасни дванаесет месеци се мотив плус за издигнување на списанието на уште поквалитетно ниво, за бројни нови соработници и соговорници со една единствена цел-афирмација на македонската историја и културната традиција преку страниците на Македонска ризница.

Во името на редакцијата и во мое лично име сакам да потенцирам дека сме среќни што со несебичната помош на многу луѓе имаме чест пред Вас читателите да го претставиме дванаесеттиот број на Македонска Ризница.

Благојче Андонов

Во овој број ќе читате

Кирил и Методиј

Стефан Илиевски 04

Градски костими Битола 19-20 век

Наде Геневска Брачиќ 10

Ако ме најдеш, врати ме!

Весна Ничевска Саравинова 16

Слобода или смрт

Александар Стеванов 19

Илинденското востание

Дарко Дорошевски 20

Македонски фолклор низ фотографии

Редакција 48

Интервју со Благој Нацоски

Благојче Андонов 50

Поезија - Полноќна мелодија

Милица Пашовска 56

Цртежи

Владо Јаневски 58

Портрет карикатура-Питу Гули

Никола Анѓелкоски 60

Кирил и Методиј

По повод јубилејот од 1150 години од Моравската мисија на солунските браќа Кирил и Методиј (863-2013)

Македонија е колевка на словенската писменост. На овие простори е родена првата словенска азбука, тука се ширело христијанството меѓу паганите-Словени и цветала Охридската книжевна школа. На ова тло, всушност Словените по употребата на „цртите" и „резките", на „римските и грчките" букви, се здобиле со свои словенски букви и можеле рамноправно и масовно да се вклучат во културните текови на тогашниот цивилизиран свет. Како за споредба, во овој период во поголемиот дел на Европа царувале културниот заборав и темните векови. За да се разбере значењето на Македонија за ширењето на словенската писменост, првенствено треба да се запознаеме со ликот и делото на словенските просветители Кирил и Методиј.

Несомнено двете најмаркантни личности на територијата на Македонија, што твореле кон средината на IX век, се браќата Константин-Кирил и Методиј. Браќата биле родени во Солун, тогаш центар на Византиското Царство на Балканот. Константин бил роден во 826 или 827, а Методиј околу 815 година. Нивните родители имале угледно потекло. Татко им, Лав бил друнгар (подстратег) на темата Солун, додека мајка им Марија била исто така од влијателно семејство. За ова се сведочи и во краткото Кирилово житие: *„Се роди од благоверни и благочестливи родители. Татко му се викаше Лав, а мајка му Марија – богати и први во тој град"*. Високата функција на нивниот татко несомнено овозможила Константин и Методиј да се здобијат со квалитетно, по тогашните стандарди, образование и надобразба. Константин уште од раното детство покажал голема склоност кон учењето и го завршил

Меѳодіа
Кѵріл
Стыи просве
тители и оучи
тели Славански
ѥзыки Моравски
Кирїлъ и
Меѳодїа
Въна-
чалѣ
бѣ, сло
ко и
слово
бѣ къ
бг, и
бѣ бѣ
Ѧ Б В Г Д Є Ж S З
И І К Л М Н О П
Р С Т Ѹ Ѳ Ф Х Ѿ
Ц Ч Ш Щ Ъ Ы Ь Ѣ
Ѥ Ю Ѧ Ѩ Ѭ Ѯ Ѱ Ѵ
Славанска азбука

основното образование во својот роден град. Како младинец тој го напишал и своето прво книжевно дело „Похвала за Св. Григориј Назиански". Неговите способности и дарби за учење го привлекле вниманието на логотетот на Византиското Царство Теоктист. По негово настојување во 843 година Константин отишол во императорската Магнаурска школа во Константинопол. Таму, во Цариград, тој само за три месеци ја изучил граматиката, по што започнал и со изучување на останатите науки. *„Го изучи Омира и геометријата, а при Лав и Фотиј – дијалектиката и сите филозофски науки, а освен нив и реториката, и аритметиката, и астрономијата, и музиката и сите други уметности."* По завршувањето на Магнаурската школа Константин станал монах и му била дадена должната библиотекар на патријархот при катедралната црква св. Софија. Потоа отишол во едно монашко семејство крај Босфор. Во 850 г. Константин, по настојување на Фотиј, го зел неговото место на предавач во Магнаурската школа и започнал да *„предава филозофија на туѓинци и странци"*.

Податоците за животот и дејноста на Методиј во раните години се оскудни. Најверојатно уште од мали нозе биле препознаени неговите воени способности и бил воспитуван во тој дух. Согласно со Продолженото житие на Методиј и со Панонското житие, Методиј на 20-годишна возраст, од византискиот двор, бил поставен за „кнез на Словените", со задача да управува „словенско кнежевство". Територијата која што му била доделена на управување веројатно се протегала на областите на Стримонската склавинија и била концентрирана во струмичко-брегалничките краишта. Согледувајќи ја местоположбата на територииите што на Методиј му биле дадени на водење, неговата задача таму всушност била да го штити од север градот Солун, и да се зајакнат византиските одбрамбени позиции по течението на реката Струма со помош на македонските Словени. Тука Методиј се соочил со многу проблеми, особено во сегментот на дисциплината и мотивацијата на словенската војска. Затоа Методиј составил кодекс, познат во историјата како *„Закон за судење на луѓето"*.

По завршувањето на службата во Цариград, кон почетокот на 50-тите години на IX век, и Константин бил испратен во помош

на брата си Методија. Тука неговата работа достигнала кулминација со создавањето на словенската азбука – глаголица во 855 година. Освен што ја создал словенската азбука, Константин во областите што ги управувал неговиот брат превел многу книги на словенски јазик, и успеал да покрсти мноштво македонски Словени. Според Краткото кирилово житие бројот на покрстените Словени изнесувал 54,000.

Меѓутоа под притисок на Бугарите, кои сè поагресивно започнале да навлегуваат во Источна Македонија, браќата Константин и Методиј биле принудени во 855. година да ја прекинат својата управувачка и просветителна дејност во брегалничко-струмичките краишта. Бугарските освојувања продолжиле и во наредните неколку години, така што до 864 година под бугарска власт се нашле источна, централна и југозападна Македонија, како и еден дел од јужна Албанија. Под византиска управа единствено останал самиот град Солун и неговата поширока околина.

Ваквиот расплет на настаните не ги спречил Константин и Методија да продолжат со усовршувањето на словенската азбука и преведувањето на книги од грчки на словенски јазик. Паралелно со тоа, браќата како способни дипломати учествувале во мисиите меѓу Сарацените (851 или 855/6 – учествувал само Константин-Кирил) и Хазарите (860-861) каде што била пропагирана христијанската вера и византиската култура. За време на Хазарската мисија солунските браќа Константин и Методија ги пронашле моштите на римскиот папа Климент за кого Константин напишал три творби: „Канон", „Историски расказ" и „Пофално слово".

Во меѓувреме моравскиот кнез Ростислав испратил молба до византискиот император Михаил III (842-867) барајќи од Цариград мисионери кои ќе го проповедаат христијанството на словенски јазик. Целта на Ростислав била со создавањето на словенска црква да ја зацврсти независноста на својата држава, да го сузбие влијанието на франечкиот клер, и со врската со Византија да создаде противтежа на франско-бугарскиот сојуз. Императорот Михаил III и патријархот Фотиј барањето на моравскиот кнез го виделе како поволна можност за ширење на византиската моќ во Централна Европа и добра алатка за притисок кон Бугарија. Така во 863 година во мисија во Велика Моравија

биле испратени Константин и Методиј заедно со група свои ученици. Таму солунските браќа развиле широка просветителска и образовна дејност, која што одиграла голема улога во средновековната култура на словенските народи.

Мисијата на браќата во Велика Моравија била дочекана на нож од страна на латинското свештенство. Поради постојаните притисоци Константин и Методија морале да отидат кај папата во Рим за да добијат одобрение за својата дејност и признавање на моравската црква. Папата Никола I (858-867) и неговиот наследник Хадријан II (867-872) ја дале својата поддршка на словенските мисионери, а Хадријан II издал и специјална була со која се одобрувала нивната дејност и се прифаќало вршењето богослужба на словенски јазик. Во 869 г. во Рим се разболел и умрел Константин, кој пред својата смрт се замонашил и го примил името Кирил. Методиј го продолжил сесловенското дело и како посветен за епископ на Моравија и Панонија се вратил назад. Меѓутоа и покрај добиената поддршка од центарот на христијанството Рим, притисоците и нападите од страна на латинското духовенство продолжиле. И покрај огромните притисоци Методиј останал

на чело на словенската црква во Моравија и Панонија сè до својата смрт во 885 година. Набргу по неговата смрт, започнало распаѓањето на црковната организација што ја создал заедно со брат му Кирил. Учениците на Кирил и Методиј биле прогонувани, затварани во зандани и продавани како робови. Само мал дел од нив успеале да се спасат од латинскиот клер (Климент, Наум и др.), бегајќи во Бугарија, Хрватска и Далмација, каде што успешно ја продолжиле својата мисионерска работа и просветителска дејност.

Огромно е значењето што за словенската цивилизација и култура го има делото на сесловенските просветители Кирил и Методиј. Не случајно тие во 1985 година од Ватикан беа прогласени за патрони на цела Европа.

Стефан Илиевски

студент на Институтот за историја
при Филозофскиот факултет во Скопје

Градски костими Битола 19-20 век

Крајот на 19 и почеток на 20 век, е значаен за Битола, кога таа го имала централното место во Европска Турција и претставувала административен, воен и трговски центар со разновиден етнички состав и конфесионална припадност на населението. Во градот имало присуство на дипломатски претставништва, конзулати и вицеконзулати како и трговски агенции на големите европски земји, кои придонесувале да се менува начинот на живеењето, а со тоа и облекувањето. Со развиените трговски врски со европските земји, Битола најрано од градовите во Македонија од ориентален, прераснува во европски град.

Стилот и духот на овие промени се согледува и во начинот на облекувањето. Во овој период мошне е изразена и знаковната функција на облеката кога точно можело да се знае општествената позиција, социјалната и економска положба како и етничката припадност на секој поединец. Според облеката можела да се одреди и брачната состојба, возраста, занимањето и други особини на членовите на општествената група на која припаѓаат.

Во начинот на облекувањето егзистираат два главни типови на костими и тоа : „ала-турка" или ориентален начин на облекување, кое е последица на повеќевековното владеење на Турците и „ала-франга" или европското влијание во облекувањето донесен од сè поголемиот број на претставници од европските земји.

Влијанието на владеачкиот етнос, Турците било доминантно како резултат на повеќевековното владеење на Балканот. Тие го диктирале облекувањето со различни наредби и забрани .

Ориенталниот начин на облекување се одликува со изработување на облеки од скапоцени источни материјали: чоја, кадифе, атлас, свита, свила, богато украсени со везови од сребрени и златни гајтани, или само гајтани со богата флорална орнаментика. Се негувале и развивале занаети поврзани со изработка на облеки во тој дух меѓу кои највпечатливи се терзиите, ќурчиите, папуџиите, минтанџиите, срмаќешите кои ги украсувале облеките со гајтани или срма.

Како најстари сочувани примероци на овој начин на облекување од средината на 19 век, а кои кон крајот од 19 и почетокот на 20 век се напуштаат претставуваат антериите кои ги носеле трговците и луѓето од еснафот. Се носеле во состав со бечви, на половината појас а одгоре се облекувала долама. Џубиња и „копорани" горни машки облеки кои се носеле во склоп со потури, минтан и кошула. Ќурковите претставувале машки долги чоени палта поставени со крзно. Од женската облека најбогато украсени со вез од срма се елеците и џубињата кои во својата орнаментална композиција на украсување ги следат ориенталните обележја со флорални претстави на цветови. Се изработувале

фустани од кадифе извезени со техника на златовез што својата примена ја има од дамнешни времиња и е донесена од истокот преку Византија во Европа. Оваа техника се состои во извлекување на тенки жици од златна срма за украсување во облеките на богатото градско население.

Се посилниото влијание, и се помасовно прифаќање на новиот - западно европски начин на облекување кон крајот на 19 век доведува до постепено одумирање на овие занаети, но од друга страна, истото влијаело на развивање на нови занаети. Терзиите ги замениле френк терзиите, наместо папуџиите се појавиле кондураџии.

Процесот на „Европеизација" довел до слабеење на турското влијание, така што на овие простори довел до појава на специфичен локален костум кој ги имал одликите и на истокот и на западот, но со свое специфично обележје. Создавањето на овој локален костум настанува со посебна селекција и комбинација на облеки.

Тоа највеќе можело да се согледа во ќурчиско кожуварските производи и тоа: џубиња изработени од чоја, атлас или кадифе

од внатрешната страна поставени со крзно. Во употреба биле и салтамарки - горни женски кратки облеки поставени со крзно кои во Битола биле познати под терминот „сусо". Женскиот костим се состоел од здолниште, блуза, скутина, одгоре се носело џубе, а на глава шамијата „шкепа" украсена со игла според која можел да се одреди нејзина социјално-економската положба. Овој костим во себе освен старо источните ги содржи и старобалканските традиции.

Присуството на стариот ориентален и новиот европски начин на облекување се забележува и во прифаќањето на машкиот европски костум заедно со типично ориентален фес на главата.

Прифаќањето на европската мода која ги носи одликите на овој период се карактеризира со дводелни фустани кои се составени од здолниште кое во задниот дел е подолго со т.н. „шлеп" што се влечи. Блузата е скроена во струк со високо запетлување до вратот, ракавите во горниот дел се широки а во долниот се стеснуваат. Блузата во предниот дел е украсувана со тантела и мониста. Одгоре се носела горна облека над која се наметнувала пелерина, а на главата се носела

шапка (капела).

Кај градската облека промените се случуваат во кратки периоди за разлика од народната носија која низ долг период ги задржува своите традиционални форми и кај која измените се многу мали.

Во почетокот на 20 век завршува процесот на напуштање на ориенталната и прифаќање на европската мода во облекувањето во градските средини.

Наде Геневска Брачиќ

Етнолог - кустос - советник
Н.У. Завод и музеј Битола

Ако ме најдеш, врати ме!

Ако ме најдеш, врати ме!
Се барам себеси!
Вклучи го светлото,
залепи плакат на дрвена бандера,
се изгубив себеси, можеби некој ќе ме најде.

Да погледам во некоја мрачна уличка
или пак на некое широко поле.
Можеби сум некаде во нечие срце,
да ѕирнам во нечии очи?

Се барам себеси!
Цртеж по цртеж,
песна по песна,
проверувам,
да не останав во некоја буква
или линија темна?

Прашај за мене,
погледни во себе,
ако ме најдеш таму,
те молам врати ме дома.

Нема кој солза да пушти,
нема кој линија да свие,
нема кој стих да изрече,
нема кој насмевка да стопли,
само празна лушпа
и широко затворени очи,
се изгубив,
ако ме најдеш те молам врати ме дома!

Весна Ничевска Саравинова

Слобода или смрт

Една од најзнеменитите пароли на македонските револуционери од периодот на македонското национално-ослободително движење против Османлиската империја е „Слобода или смрт“.

Оваа бескомпромисна парола е испишана на поголем број македонски знамиња за време на Илинденското востание меѓу кои знамињата на Загоричани, Струга, Охрид и Демир Хисар.

Паролата „Слобода или смрт” го красела и знамето на легендарната Крушевска република, а истата се спомнува и во Крушевскиот манифест:

“Слобода или смрт” јет писано на нашите чела и на нашио крваф бајрак. Ние веќе го дигнафне тој бајрак и немат враќање.

За оваа парола се пее во поголем број македонски народни песни, а во 1913 година, за време на Тиквешкото востание, истата била поставена и на востаничкото знаме.

Во борбата за извојување на политичка, национална и економска слобода, македонскиот народ со оваа парола јасно и недвосмислено ја изразувал својата пожртвуваност, решителност и подготвеност ако треба да ја пролее и сопствената крв.

Но дали знаете дека истава парола

„Слобода или смрт“ (грчки: Ελευθερία ή θάνατος) ја имаат користено и нашите јужни соседи Грците, за врема на нивната борба за независност од Османлиската империја?

И покрај разликите и историските несогласувања кои што ги имаме со нашиот јужен сосед, сепак имаме и сличности, како што е ова на пример.

Веројатно во право е грчкиот писател Акис Гаврилидис кога вели дека „насекаде на Балканот има подземен тек, „резервоар“ од заеднички „биополитички“ сеќавања, поврзани со јазикот, готвењето, музиката, однесувањето... од периодот пред националните држави; тек кој нè поврзува (сите подоцна создадени како) „чисти“ Грци, Македонци, Срби итн.“.

Александар Стеванов

Илинденското востание

На пиедесталот на борбата на македонскиот народ за национално ослободување неприкосновено се наоѓа Илинденското востание. Ова востание претставува врв во борбата на македонскиот народ против петвековното турско ропство. Иако, како што ќе видиме подоцна, ќе биде задушено во крв, ова востание ќе даде голем натамошен импулс за продолжување на борбата за слободна и независна Македонија. Колку и да е катастрофална неговата дејност од воен аспект, сепак ова востание е прифатено со акламации кај македонското население и понатаму ќе стане ѕвезда водилка за борбата на македонскиот народ за слободна и самостојна држава. Ова востание претставува врв на дејноста на МРО, која во својот десетгодишен развој стигнала до точката на вриење. Во овој напис ќе ги прикажеме настаните коишто довеле до кревањето на востанието, текот на востанието низ окрузите зафатени од него, неговото задушување и билансот на последиците од востанието. На крајот ќе ги проанализираме причините за неуспехот на востанието и неговиот одглас во светската јавност.

Солунскиот конгрес од 1903 година

Состојбата во Македонија кон крајот на 1902 година била прилично комплицирана. МРО претходно била потресена од неколку афери, од кои најкатастрофална била солунската афера. Имено при избивањето на оваа афера, биле уапсени повеќето членови на ЦК. Единствениот кој останал на слобода, Иван Хахи Николов, плашејќи се и тој да не биде уапсен и осуден, го предал раководството на Иван Гарванов, кој бил пробугарски експонент. Сега организацијата паднала под власта на



човек кој по секоја цена барал организирање на востание. Врховистичката провокација од 1902 т.н. Горноџумајско востание, зела големи жртви помеѓу цивилното население, кое го платило цехот за оваа врховистичка авантура. Новиот ЦК се стремел кон востание со кое би се натерале Бугарија и Големите Сили да и објават војна на Турција. Но дејците од внатрешноста и најистакнатите раководители на Организацијата одлучно се противеле на ваквите заложби. Уште во јули 1902 година, на еден состанок одржан во Софија, била донесена одлука против подигање на востание, кога и да е. Сепак по задушувањето на Горнохумајското востание, претседателот на ЦК Гарванов и задграничните претставници Христо Матов и д-р Христо Татарчев започнале преговори со Врховниот Комитет за помирување и идна соработка. Прашањето за востание било решено уште кон крајот на ноември помеѓу

Гарванов и ЗП(Матов и Татарчев). За таа цел преостанувало да се повика Конгрес кој ќе ја официјализира одлуката. Иницијатори за одржување на конгресот биле претседателот на ЦК на ТМОРО, Иван Гарванов и Анастас Лозанчев. За таа цел на 24.XII 1902/6.I 1903 било испратено окружно писмо, со кое се повикувале сите окрузи да испратат претставници. Конгресот бил закажан за 2/15.I 1903 година. Поради краткиот рок кој бил даден во окружницата дел од окрузите не успеале да испратат свои претставници. Конгресот бил одржан во зградата на машката гимназија во Солун. На него учествувале членовите на ЦК: Иван Гарванов, Спас Мартинов и Димитар Мирчев. Како делегати учествувале: Христо Коцев, Тодор Лазаров (кои што тогаш излегле од затвор) како заслужни дејци на народното дело. Останатите делегати биле претставници на 12 реони и тоа: Никола Петров (Цариградски), Велко Думев (Одрински), Лазар Димитров (Серски), Христо Влахов (Кукушки), Иван Сапунаров (Солунски), Никола Хрлев (Гевгелиски), Димитар Занешев (Воденски), Тодор Пејков (Велешки), Димитар Ганчев (Скопски), Иван

Ингилизов (Струмички), Анастас Лозанчев (Битолски) и Георги Варналиев (Радовишки). Отсуствувале делегати од Штип и Тиквеш. За претседател на Конгресот бил избран Иван Гарванов, а за секретар Димитар Мирчев. Составот на делегатите е зачудувачки зашто голем број делегати покрај тоа што голем дел од делегатите се појавуваат за првпат во судбоносните активности на Организацијата. Во него немало ниеден од основачите на организацијата, ниту било кој од поистакнатите легални и илегални работници. И Христо Сиљанов дава интересна забелешка поради отсуството на највидните луѓе и организатори, како и на месните војводи и началници. Самиот тој признава дека нивното присуство било непожелно за Гарванов и Лозанчев . Вака составениот конгрес одлично му одговарал на Гарванов да ја наметне директивата за вооружено востание. Иако голем дел од учесниците на конгресот изразиле сомневање во вооруженоста и воената подготовка на четничкиот кадар, Гарванов успеал да ги убеди дека од Бугарија ќе биде набавено оружје и дека Бугарија ќе ѝ објави војна на Турција по објавувањето на востанието. Единствена

опозиција на конгресот бил делегатот на Серскиот Округ, Лазар Димитров, кој одлучно застанал против вака замисленото востание. На 3/16 јануари 1903 година на Конгресот било одлучена пролетта да се дигне востание. Следниот ден Конгресот одлучил востанието да биде „посеместно и постратешко" без да го определи датумот на неговото почнување. Иако бил во дослух со ЗП и ги добивал вестите од нив, Гарванов се оглушил на предупредувањето што дошло од министерот за надворешни работи на Русија, грофот Ламсдорф. Тоа било предупредување за да не се вршат вооружени акции, кои не би имале надворешна поткрепа.

По добивањето на Окружницата од 24.XII 1902/6.I 1903, а исто така и испраќањето на опширно писмено образложение за Задграничното претставништво, за поткрепување на тезата за востание, во првите денови на 1903 година во Софија било организирано повеќедневно советување, на кое се нашле поголем дел истакнати дејци на ТМОРО, кои во тој момент престојувале во Бугарија. Меѓу учесниците на ова советување биле Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Христо Матов,

Христо Татарчев, Пере Тошев, Иван Хаџи Николов, Борис Сарафов, Славчо Ковачев, Михаил Герџиков, Христо Силјанов, Кирил Прличев и др. По одлуката на Солунскиот конгрес за кревање на востание била водена жестока дискусија дали треба или не треба да се крене едно такво востание. Главен застапник за кревање на востанието бил Христо Матов кој на сите возможни начини се обидувал да ја поткрепи оправданоста за одлуката за подигање на востание. Според Матов целта на востанието не би била рушење на османската власт и изградба на свои органи на власта што би го означиле зачетокот на македонската државност, туку да предизвикаат надворешна интервенција од блиски и подалечни држави, вклучително и Бугарија. За разлика од него, мнозинството предводено од Гоце Делчев и Ѓорче Петров било категорички против ваков авантуристички потфат. Главниот аргумент против востанието била неподготвеноста на масите. На ова советување биле дадени нови идеи за работата на четите на организацијата, но била отфрлена секоја идеја за општонародно масовно востание. На ова советување Ѓорче Петров ја изнел идејата за засилена активност на четите, која што подоцна самата би преминала кон отворено

востание. Герџиков предложил да се извршат терористички акции кои би ги засегнале интересите на европските сили и османската држава. Гоце Делчев се залагал за борба со максимално штедење на силите, поради несигурноста дека Европа би реагирала по турското пљачкосување и пустошење. Затоа Гоце се залагал за комбинарана примена на четнички дејства со терористички акции. Најголемиот дел од делегатите се залагале за перманентно востание без формална објава. Главна одлука на ова советување било дека на овој собир било одлучено

дека тој е против најавеното востание. За пишување на одговор кон солунската одлука до ЦК биле задолжени Матов и Ѓорче Петров, но советот го прифатил писмото на Ѓорче како подиректно и поодлучно. Тука била дефинитивна одлуката за засилување на четничките акции. ЦК го искористил ова кон тезата за идно востание. Може да се согледа дека ЦК во најголем дел ја игнорирал одлуката донесена на Софиското советување. Останала одлуката за востание. Гоце Делчев не чекал вака набрзо скроена одлука да го уништи ослободителното дело и неговите дотогашни постигнувања. Во јануари 1903 година тој заминал од Софија во внатрешноста на Македонија, каде што агитирал против ваквото востание. Во пролетта 1903 година од Бугарија биле испратени повеќе чети на

организацијата со задача да го подготват теренот за идното востание. Прво заминал за Серско, потоа за Демирхисарско. Во селото Караќој-Серско било одржано советување помеѓу него и серските револуционерни



дејци, каде што била разгледана одлуката на Солунскиот Конгрес. Делчев мислел дека е можно да се промени солунската одлука за востание во засилени акции и напади врз турската војска и жандармерија. На 1 април 1903 година, Гоце Делчев со неговата чета извршил диверзантска акција на мостот на реката Ангиста при што биле разушени мостот, тунелот и железничката линија. Како крајна опција за Делчев останувало да пројде во Солун и ако е можно лично да влијае против конгресната одлука. Околу 17/20 април 1903 година тој заминал за Солун. Во Солун имал средба со гемиџиите од кои добил ветување за одложување на нивните акции. Исто така со гемиџиите имал средба и Борис Сарафов, кој давајќи им финансиска поддршка ги поттикнувал во нивните акции. Најмногу се задржал на разговор со Даме Груев. Досега не е целосно разјаснета содржината на нивниот

разговор. Во "Спомените" на Даме Груев, кои ги цитирале Манол Пандевски и Христо Сиљанов, Даме кажува дека Делчев протестирал против одлуката за востание, тврдејќи дека Серскиот револуционерен округ е целосно без оружје. Даме од своја страна се обидел да го успокои и да го убеди дека преку тајни добавувачи ќе се донесе потрбното количество оружје. Очигледно Даме бил изманипулиран од страна на Сарафов и Гарванов во однос на надворешната поддршка, пред сè од страна на Бугарија. По ова средба Гоце Делчев заминал на организираното советување на планината Алиботуш, а Даме Груев заминал за Смилево да присуствува на идниот Конгрес. Гоце Делчев никогаш не стигнал до неговата конечна одредница. На 4 мај 1903 година, четите на Гоце Делчев и Димитар Гуштанов

биле опколени во с. Баница, Серско. Во нерамната борба со турскиот аскер, загинал апостолот на македонското ослободително дело. Отворена е можноста за предавство, пред сè од врховистичките експоненти.

Смилевскиот конгрес

Конгресот на Битолскиот Револуционерен Округ за прашањето за креВање на востание се одржал во селото Смилево, од 2 до 7 мај 1903 година. Инаку селото Смилево било родно место на Даме Груев. Конгресот се одржал во куќата на селскиот раководител Ѓорѓи Чуранов. Конгресот започнал со работа на 2 мај само со 17 учесници. Со понатамошните седници се зголемувал бројот на учесници, кои пристигнувале подоцна од предвиденото. На конгресот присуствувале претставници на сите реони од Битолскиот округ. На конгресот исто така учествувале и Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. За бројот на делегатите на конгресот имаме различни податоци. Според сите извори, бројот на делегатите бил помеѓу 32-50 лица. Конгресот го избрал Даме Груев за свој претседавач, додека за секретари биле избрани Георги Попхристов и Парашкев Цветков. И на овој конгрес се јавила опозиција против солунската одлука. Пред сè протестирале раководителите на оние реони кои биле најнеподготвени за идното востание. Прилепскиот делегат Петре Ацев се спротивставил поради состојбата во неговиот реон, поради слабото вооружување итн. Исто така протести дошле и од Никола Петров Русински и Никола Карев. Карев изјавил дека нема објективни шанси за успехот на ова востание. „Еднаш прифатеното востание во принцип”-изјавил Карев”ние крушевчаните ќе востанеме и ќе победиме, но сигурен сум, другите реони нема да издржат. Особена на критика бил изложен Анастас Лозанчев, кој не ја зел предвид состојбата во сите региони. За време на вториот ден од конгресот, во Смилево пристигнал курир со известување за извршените атентати во Солун и турската реакција кон нив, и за затворањето на членовите на ЦК. Голем дел од делегатите помислиле дека востанието веќе започнало. За време на Конгресот, на 6 мај 1903 година се случила борбата кај село Цапари и Ѓурѓовденскиот масакр во Битола. Исто така, за време на конгресот стигнала веста за убиството на Гоце Делчев. Сетоа ова придонесувало кон тезата за идно востание. И покрај протестите на неподготвените реони,



сепак надвладеал авторитетот на Даме Груев, кој пресекол дека солунската одлука ќе биде конечна. Според Динев, а истото го соопштува и Пандевски, Даме Груев бил изманипулиран од страна на Сарафов кој давал гаранции за идно вмешување на бугарската влада. На Смилевскиот конгрес бил избран Главен штаб, како врховен орган на револуционерната власт, задолжен да раководи со подготовките и воените дејства за време на востанието. Во штабот влегле Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. За нивни заменици во случај на загинување биле избрани Лазар поп Трајков, Петар Ацев и Георги поп Христов.Било предвидено во штабот да влезат и Пере Тошев, Ѓорче Петров и Христо Матов, доколку дојдат на терен за време на востанието. Од страна на Борис Сарафов и Димитар Дечев, бил изработен Востанички Устав. Главниот штаб ја зел за себе улогата на врховна командна и единица на востаничката власт. За себе ги зел ингеренциите за влегување во преговори со „туѓинци, посредници и непријателот"; да одржува врски со другите окрузи за време на востанието, да ги распределува новопристигнатите сили и оружје, да врши измени и дополнувања во составите на горските началства, по своја иницијатива или по барање на половината од горските началства и самиот да го одреди датумот на востанието. Било одлучено востанието да не се објавува пред месецот јули, пред сè поради потребата од складирање на оружје, храна и санитетски материјали, а исто така и поради плановите за воени курсови за

населението. На конгресот биле избрани членовите на реонските раководства т.н. горски началства. Исто така, на конгресот било одлучено карактерот на востанието да биде партизански, со одреди од 30-50 луѓе, без да биде ангажирано сето население способно да се бори. На ваквите одреди им биле поставени задачи да ги напаѓаат помалите османски воени гарнизони, месните административни седишта, телеграфско-телефонските линии и железничките комуникации и беговските имоти.



Подготовки на Битолскиот Округ за востание

Уште пред Смилевскиот Конгрес, во Битолскиот револуционерен округ почнале да навлегуваат чети на Организацијата, екипирани во Бугарија. Така на чело на една ваква чета дошол и Борис Сарафов. Во четите имало офицери на бугарската армија, кои требало да го обучуваат населението за идната борба. Покрај пристигнувањето на четите и организацијата на воена обука, горлив проблем и понатаму останало вооружувањето на населението. За идното вооружување биле организирани специјални канали. Оружје било носено преку Бугарија, Србија, Грција и нешто преку Австрија. Бил направен и обид да се донесе оружје од Русија, но тој никогаш не успеал. Главно вооружување во предвостаничкиот период на четите на

Организацијата биле грчки пушки од типот „Гра", бугарски и тетовските Мартинки. Канали за пренос на оружје биле образувани со помош на Албанци и Турци- контрабандисти. Исто така, многу лесно било да се набави оружје и муниција од турските редифи во градовите и селата. Најмногу биле ценети австриските пушки од типот „Манлихер-Штаер" поради нивната брзина и прецизност. Овие пушки и понатаму се набавувале. Исто така биле набавувани и црногорски револвери. Покрај основното пешадиско вооружување, биле набавувани и динамит и бомби. За производство на муниција, поради поголемиот број на калибри на оружјето во востанички раце, биле основани повеќе работилници за производство на муниција. Биле набавувани олово, барут, чаури и капсли, а во ваквите работници муницијата била склопувана. Покрај воените материјали, востаничкото раководство се погрижило да ги набави сите потребни средства за идното востание. Така биле создавани залихи на прехрамбени продукти и санитетски материјал. Со цел за лекување на ранетите и болни востаници, во текот на востанието биле формирани и востанички болници. За да не може отоманската војска да го тероризира и убива цивилното населени во идните реони зафатени од востанието, биле организирани збегови, кои во востанието ќе се покажат како многу позитивни.

За прашањето за почеток на востанието биле водени повеќе дискусии. Конечно, на 1/14 јули 1903 година, Даме Груев и Борис Сарафов, во близина на селото Буф, Леринско, донесле одлука востанието да се крене на 20 јули/2 август 1903 година, на верскиот празник Свети Илија. Неколку дена потоа, кај с. Златари бил запознаен со одлуката и А. Лозанчев, кој се согласил со неа. На 15/28 јули, од страна на Сарафов и Лозанчев бил упатен апел до населението за идното востание, во кое се повикува населението на борба против Османлиите. Нешто подоцна било испратено известување до Дирекцијата на Источните железници во Солун дека ќе има акции врз железничките линии. Идната востаничка воена сила пораснала во сите региони. Се смета дека во Битолскиот револуционерен округ имало околу 8-9000 пушки. Исто така било изработено и знаме на Главниот Штаб од страна на неколку битолски учителки. Ова знаме при своето бегство Борис Сарафов го однесол во Бугарија. Со зголемените подготовки сè повеќе растел борбениот дух

кај населението и сè понестрпливо се чекал Илинден.

Почеток на Илинденското востание

По претходниот договор, на 2 август 1903 година, востанале најголемиот дел од реоните во Битолскиот револуциноерен округ. Во овој дел ќе ги видиме првите востанички акции и успеси во овој револуционерен округ.

Ако малку се анализираат воените дејства во Битолскиот револуционерен округ, може да се забележи дека востанието поминало низ 3 развојни фази. Првата фаза-востаничка офанзива, која траела првите 10-25 дена; масовна турска контраофанзива, пред сè во текот на септември и трета фаза или демобилизација на востаниците.

На 2 август 1903 година во Битолскиот револуционерен округ се запалил огнот на востанието. Во селото Смилево, каде што бил сместен главниот штаб, биле онеспособени телефонските и телеграфските линии. Исто така, во селото бил нападнат воениот гарнизон од околу 200 востаници. Вечерта на 2/3 август се воделе борби во селото Смилево, до конечното повлекување на аскерот од неговите позиции во селото. Османлиските војници при нивното повлекување, запалиле дел од селото. Така, од 4 до 27 август 1903 година Смилево било слободна територија. За обезбедување на цивилното население бил организиран збег во месноста Голем Гар. Во Смилево востаниците успеале речиси без жртви да го прогонат аскерот. Во борбите за селото загинале 45 војници, а бил ранет 1 и 1 востаник бил убиен. Во подпелистерскиот реон, со востаничките акции раководел Ѓорѓи Сугарев. Тука акциите започнале со сечење на телефонско-телеграфските линии, палење на беговските кули и чифлици итн. Набрзо по почетокот востаниците имале судири со локалниот башибозук. На 6 август го нападнале гарнизонот во селата Магарево и Трново. Акциите продолжиле во целиот битолски реон каде што востаниците вршеле воени акции против османската војска. Во Ресенскиот реон, дошло до судири помеѓу востаниците и војската во самиот град. Раководител на акциите во Ресенско бил Славејко Арсов. Во Ресенско биле водени битки за селата Ехла, Дупени и Петрино. На 2 август четите на Н. Кокарев и В. Илиев-Пенчо го нападнале нахиското седиште Наколец, каде што имало сместен воен гарнизон. И покрај жестоките напади, востаниците не успеале да го освојат

ова османско упориште и биле принудени да се повлечат. Во Демирхисарскиот реон бил извршен напад врз гарнизонот во село Брезово, кој бил ликвидиран. Исто така, четата на Јордан Сиљанов-Пиперката го нападнала гарнизонот во с. Прибилци, но не успеал да го уништи. Истиот војвода, подоцна за време на турското настапување ќе биде убиен во борба помеѓу селата Цер и С'лп.

Во востанието, може да се каже дека многу се покажал Костурскиот реон со својата борбена способност и подготвеност. На 2 август била извршена мобилизација и во определните пунктови (Пополе, Корешта, Клисурско и Костурско) востаниците го напаѓале аскерот. Во Пополе, на 3 август, 150 востаници го нападнале селото Вишени и по тричасовна борба го зазеле. На 3 август одредот на Никола Андреев (Алај-бег) со 150 востаници го нападнал гратчето Клисура. Првиот напад бил одбиен од страна на војската. Следниот ден, околу Клисура биле концентрирани востанички сили од околу 600 востаници, кои успеале да ги избркаат војниците од нивните позиции, кои се повлекле кон Костур. На 4 август Клисура била превземена од востаниците, кои со воодушевување биле пречекани во градот. Клисура останала слободна до 27 август. Тука била формирана востаничка власт,

како и на други места, што ќе видиме малку понатаму. Исто така во редот на покрупните востанички акции на костурските востаници, претставува и заземањето на Невеска на 12 август 1903. Костурските револуционери во текот на востанието ќе покажат како се брани здобиената слобода. Во Леринско биле извршени повеќе востанички акции, меѓу кои најкрупна е уништувањето на железничката станица во с. Екши-Су. Исто така била водена борба помеѓу аскерот и еден востанички одред кај месноста Езерцата. Бројноста била на страната на османската војска која имала околу 2000 војници и артилерија. Месноста ја бранеле околу 300 востаници. Леринските востаници за помош се обратиле кон костурските реонски чети кои им дошле на помош. И покрај жестоките османски напади, востаниците ги зачувале своите позиции и аскерот бил принуден да се повлече кон Лерин. Леринските востаници станале господари на ситуацијата во овој планински крај, западно од Лерин. Слободата на оваа област траела до 28 август. Охридскиот реон востанал според планот, на 2 август. Најсилните дејства се одвивале во областите Малесија, Горна и Долна Дебарца и Ортакол. За одбрана на цивилното население бил формиран збег во месноста Рашанец. За време на настапувањето на аскерот во септември 1903 година, во месноста Рашанец ќе се одвива една од најкрвавите борби на востаниците. Овдека османските војници ќе го покажат својот „однос" кон цивилното христијанско население. На 12 септември збегот бил откриен, а следниот ден војската покрај четниците кои го заштитувале збегот почнала да ги убива и тука сместените цивили. Загинале околу 190 луѓе, најголем дел од нив деца и жени. При одбраната на збегот во Рашанец загинал војводата Аргир Маринов .

Кичевскиот реон, според претходно донесениот оперативен план, востанал на 2 август. Организационите чети извршиле напад на гарнизонот во Кичево. На чело на четите стоел војводата Лука Џеров. Во градот се наоѓала една единица од околу 600 души резервисти (илаве) која била улогорена во месноста „Јурија". Ноќта на 2 август околу 500 востаници на чело со Лука Џеров, Арсо Мицков и Ванчо Србакот го нападнала градот. Испаничените резервисти зафатиле позиции кај „Калето" во Кичево. Обидот за освојување на градот не успеал.

Прилепскиот реон, кој уште на Смилевскиот конгрес се жалел за состојбата

со оружје и кадар, за време на востанието немал некои покрупни акции. Пред се тоа се должи на ликвидирањето на јадрото на идниот востанички одред пред самото востание. Имено кај месноста Студенец, загинале 17 видни востаници, меѓу кои бил и членот на Реонскиот штаб Тале Христов. Исто така, во предвостаничкиот период турската власт убила околу 80 активисти во селата од прилепскиот реон. И покрај ваквите состојби, прилепчани востанале како и другите реони во Битолскиот револуционерен округ. На 2 август биле прекинати телефонските и телеграфските врски на Прилеп со Битола, Велес, Градско, Крушево и Кичево. Првата вооружена акција била нападот на гарнизонот во с. Витолиште-Мариовско. Поради невнимание на четите, војската била алармирана и започнала борба со четите. По двочасовна борба, четите се повлекле. Друга покрупна борба била водена над селото Вепрчани, каде што две здружени чети се бореле со единици на војската. Таму загинале околу сто востаници и војводата Никола Пешков. Понатаму, во овој реон се одвивале напади на чифлизите и беговските кули. До почетокот на октомври 1903 година, во Мариовско нема да има покрупни битки, т.е. до судирот кај с. Чаниште. Тука здружените

прилепски и костурски чети долго им одолевале на турските напади.

Илинденското востание во Крушевско

Крушево во деновите на востанието понело најголем дел од славата на овој подвиг на МРО и македонскиот народ. Иако

противник на солунското решение и исто така на смилевското, началникот на Горското началство на Крушево, Никола Карев се зафатил со силни подготовки за идното востание. Се започнало со довооружување на населението и со засилена мобилизација на населението и негова обука. Нешто пред Илинден Карев ги дал последните инструкции за почеток на востанието. Голем број вооружени селани заминале за Биринската корија која била зборно место за крушевските востаници. Таму било извршено групирањето на вооружените борци по одреди и десетини и биле дадени последните инструкции за нападот на градот. Тогаш Штабот издал проглас до населението во кое се повикува на борба против отомнаската власт, за освојување на сопствената слобода и права. Ноќта на 2 август започнало распоредувањето на востаничките одреди. Вкупната сила навостаниците кои го нападнале и зазеле Крушево изнесувала 750 вооружени луѓе. Покрај одредите што биле задолжени да го нападнат градот, биле поставени и одреди за обезбедување на приодите кон Крушево. Претходно биле прекинати телефонските и телеграфските врски на Крушево со Битола и Прилеп. Така, ноќта помеѓу 2/3 август 1903 година, одредите на Андреја Димков и Иван Алабакот го нападнале градот. Одредот на Димков добил задача да влезе во градот и да ги заземе уќуматот (околиската управа, жандармериската станица и затворот), беледието(градската управа), телеграфско поштенската станица и акцизната, даночната

и шумската управа. Одредот на Иван Наумов Алабакот добил задача да ја нападне и заземе крушевската касарна. Акцијата започнала и набрзо биле освоени уќуматот и белдието. Како знак за почеток на востанието биеле крушевските камбани од црквата „Св. Никола". Напомош на одредите на Алабакот и Димков им дошол и одредот на Питу Гули. Битката за касарната продолжила до пладне следниот ден, кога мал дел од војниците на чело со нивниот командир, Сулејман-ефенди успеале да се извлечат и да се упатат кон муслиманското село Алданци. Уште на 3 август бил формиран одред од доброволци-крушевчани на чело со Тодор Христов. На 3 август градот бил ослободен. Во текот на следните два дена, Османлиите неколкупати се обидувале безуспешно да го нападнат градот.

На 4 август од Биринската Корија во Крушево пристигнал реонскиот штаб на чело со Никола Карев. Било формирано собрание од 60 највидни првенци од сите националности. Овој највисок орган го сочинувал Советот на републиката. За републиканското уредување на Крушево најзаслужен бил Никола Карев. Покрај Советот била избрана и Привремена Влада. Нејзин претседател бил Вангел Дину. Покрај претседателската функција тој бил задолжен и за судството. За реквизиција бил одговорен Ѓорѓи Чаче, за финансии Теохар Нешков, за внатрешни работи Христо П.Ќурчиев, за прехрана Димитар Секулов и Никола Бању одговорен за санитет. Владата ги држела своите седници во грчкото училиште.

Со цел за успешна одбрана на градот во нападите на османската војска и башибозук кои што претстоеле, Привремената Влада и Штабот презеле разновидни мерки. Во Крушево биле отворени повеќе работилници за поправка на оружје и за производство на муниција. Исто така била организирана и востаничка болница, раководена од д-р Батал. Во с.Селце биле изработени црешови топчиња. Биле изработени 6, кои се покажале како незгодни за ракување и неквалитетни. При освојувањето на Крушево, османските војници нашле две од овие топчиња и ги зеле како трофеј. Биле организирани и други занаетчиски групи како железари, пушкари сарачи, ковачи итн. За одбраната на градот биле ископани и ровови. Со оваа акција раководел Тодор Христов, кој бил потпоручник. Била организирана и ефикасна курирска служба за комуникација со соседните реони, како и со Битола и Главниот Штаб. Крушевската република, т.е. нејзината влада и Штабот упатиле писма до околните муслимански села со цел да се неутрализира нивната непријателска активност кон востаниците. Таму се искажуваат причините за востанието и се повикуваат и тие да дадат придонес кон рушењето на гнилата турска империја. Иако со многу краток рок на траење, Крушевската република е многу значајна како за македонската, така и за балканската историја, како прва република создадена на Балканот. По десетте дена слободен живот следувале повторни турски напади.

Востанието во другите револуционерни окрузи

Иако само Битолскиот револуционерен округ масовно востанал, и другите окрузи

извршиле извесни вооружени акции против османскиот поробувач. Во Солунскиот округ биле извршени атентати на железничките линии Солун-Скопје и Солун-Битола, со цел да се отежне префрлувањето на војска кон областите зафатени од востанието. Најзначајна била акцијата за минирање на железничката пруга и мостот кај с. Мрзенци на 10 август 1903. Покрај овој успешен атентат, четите на Организацијата имале повеќе судири со војската. Таква била борбата на Гандач каде што здружените чети на Апостол Петков и Иванчо Карасулијата им нанеле тешки загуби на османските војници. За објавување на востанието во Серско инсистирале ЦК и ЗП. Во првите денови на септември (1-3), бил одржан конгрес на револуционерниот округ. Тука било одлучено востанието да започне на 27 септември (Крстовден) По долги преговори и по дозволата од ЗП на територијата на Серската револуционерна област почнале да пристигнуваат врховистички чети. Тие требало да ги координираат своите акции со четите на МРО. Меѓу раководителите на

врховистичките чети се нашол и генералот Иван Цончев. Заедничките акции не дале некои поконкретни резултати. Врховистичките чети имале лошо држење, често дезертирале од борбите и се повлекувале преку бугарската граница. Понатамошната соработка станала невозможна. Четите на организацијата имале судири со аскерот околу Неврокоп, Мелничко, Демирхисарско, Горнохумајско и Серско. Особено крвави борби се воделе околу градот Разлог. Додека врховистичките сили се обидувале да се доближат до Банско биле откриени и потиснати. Во самиот град Банско имало околу 100 вооружени борци на МРО кои иако дејствувале кон аскерот во градот, биле принудени да се повлечат. Османската одмазда била жестока. Тие запалиле 95 куќи и убиле 45 жители на градот. Врховистите во својот манир се повлекле и го оставиле населението во милост и немилост на Турците. Иако и во Скопскиот и во Одринскиот револуционерен округ имало вооружени судири со отоманската војска, тие не биле од некое поголемо значење.

Османската офанзива и задушување на востанието

Османската империја била во шок по

објавата на востанието. Со ваквиот гест на македонското христијанско население била повредена гордоста на Османската империја. Затоа биле донесени мерки за сурово задушување на Илинденското Востание. За раководител на антивостаничката кампања бил одреден косовскиот дивизијар Омер Ружди-паша. Подоцна поради неспособност тој бил заменет со Наз'р-паша. Исто така бил сменет битолскиот валија Али Риза-паша, а неговата функција ја вршел Хусеин Хилми-паша. Поволната положба во однос

на силите, за востаниците почнала да се менува околу 10 август, кога во Битола почнале да пристигнуваат воени единици од Косово, а подоцна и од останатите делови на Империјата. За сузбивање на востаничкото движење во Крушево бил одреден Бахтијар-паша, кој со својот штаб пристигнал во Прилеп. Бахтијар-Паша бил познат по неговите жестоки настапи против албанските бунтовници на Косово. Ден –два по неговото пристигнување од Косово пристигнал воен контингент во јачина од 10 000 војници. Уште со своето пристигнување во Прилеп, Бахтијар-паша наредил да се формираат башибозучки одреди. Првата задача за задушување на востанието било заземањето на Крушево. Главнината на силите предвидени за заземање на Крушево ја предводел Бахтијар-паша. Таа се состоела главно од пешадија, со нешто коњаница и артилерија настапувала од селото Кривогаштани. Од таму се поделила на 3 колони. Во месноста Тополиште биле поставени неколку тешки топови. Друг одред со јачина од 4000 војници настапувал од Битола и настапувал кон с. Прибилци ја блокирал западната страна на градот. Од кај Кичево се упатил уште еден одред од околу 5000 војници со кавалерија и планинска

артилерија настапувал од западната страна. Вкупните сили кои биле ангажирани за заземање на Крушево изнесувале околу 19 000 војници. На 12 август Бахтијар-паша, го пратил во Крушево како парламентар Коста Њик, кој бил фатен од војската во Кривогаштани. Преку него побарал востаниците да се предадат на милоста на султанот. Ова барање било одбиено. Пашата го започнал јуришот на главнината без да го почека кичевскиот одред. На војската и башибозукот им ветил тридневно слободно пљачкање на Крушево. Нападите започнале со артилериски оган и со јуриш на војската. Односот 10:1 на страната на османската армија го сторил своето. По двочасовни борби позициите на востаниците полека почнале да исчезнуваат од лицето на земјата. Откако било добиено соопштението за настапувањето на одредот упатен од Кичево, штабот решил да се отстапи кон месноста Осој, а на Привремена Влада и било наредено да го предаде градот. Со оваа одлука

не се согласиле дел од востаниците и пред сè војводата Питу Гули. Тој со својата чета храбро ги одбивал турските јуриши. Неговиот одред бил позициониран околу месностите Слива и Мечкин Камен. На Мечкин Камен загинал храбриот крушевски војвода. Вечерта на 12 август Штабот со голем дел од населението успеал да се пробие низ воениот кордон. Со завршувањето на борбите и влегувањето на војската во Крушево, започнало неговото пустошење. Иако предходно било гранатирано и избиле повеќе пожари, башибозукот и аскерот се фрлиле на ограбување на куќите на крушевчани и тероризрање на населението кое останало во градот. Главното востаничко упориште во Битолскиот револуционерен округ било заземено. За време на османската контраофанзива биле водени борби со востаничките сили во Смилевско. Таму осум турски батаљони ги принудиле востаничките сили да се повлечат од Ѓавато кон Смилево. Со своето настапување аскерот го затворил во обрач селото Смилево. Борбите околу Смилево се воделе до 30 август. Таму една аскерска колона буквално го уништила збегот во месноста „Голем Гар". Ова се случило на 27 август. Истиот ден Смилево било запалено по османското бомбардирање. Од тука на 30 август аскерот настапил кон Демир Хисар. Борбите во околината на Смилево не стивнале. Борбите со аскерот траеле до месец октомври, кога Главниот Штаб почнал да се повлекува од Битолско. Со смената на Омер Ружди-паша била сменета и тактиката на војската. Тактиката за испраќање на потери таму каде што се јавувале востанички дејства била отфрлена. Наз'р-паша почнал фронтално да ги прогонува востаничките сили и систематски да ги уништува. Ако крушевчани покажале како се води освојувачки поход, костурци ќе покажат како се брани ослободената територија. Во серија борби тие успеале да и нанесат на војската значителни загуби. Во битките кај востаничката база Врбица и кај селото Апоскеп им нанеле тешки загуби на Османлиите. И покрај овие борби, востаниците морале да се повлекуваат. Во Ресенско и во Преспа имало малку борби, бидејќи востаниците успеале да се провлечат низ редовите на војската. Продорот кон Кичево одел со послаб интензитет, пред се поради успехот за неутрализација на албанското население во Дебар и околината. Кон крајот на август и почетокот на септември бил интензивиран османскиот продор кон Кичевско. Значајни судири имало

кај Душегубица, каде што востаниците ја натерале војската на повлекување. Сè до 18 септември овој реон не бил напаѓан од страна на војската. Отпорот во овој реон продолжил до 3 октомври.

На 2 октомври Главниот Штаб донел декрет за прекинување на воените дејства и демобилизација на востаниците. Ова фактички била предвремена капитулација.

Последната голема битка на востаниците со османската војска се случила кај село Чаништа-Мариовско на 2 ноември 1903 година, кога здружените костурски и прилепски чети кај врвот Маргара се судриле со османската војска и однеле блескава победа. Османлиите од своја страна имале 200 убиени, а здружените чети имале околу 7 загинати и 7-8 ранети. Набрзо по оваа битка бил убиен и младиот костурски раководител Лазар Поптрајков. Барајќи привремено засолниште од разбојникот Коте од Руља за да може да се излекува од ранувањето кај Маргара, тој со измама бил убиен. Неговата отсечена глава Коте ја однел кај костурскиот митрополит Германос Каравангелис. Со борбата кај Маргара завршиле востаничките акции и самото востание.

Ова востание го предизвикало гневот на султанската власт. Од претходно кажаното, не би требало да биде неочекуван билансот на жртви за време на востанието. Според Х. Сиљанов, во Битолскиот револуционерен реон биле запалени 122 села со 8646 куќи, 51606 луѓе останале без живеалиште, биле убиени 1799 луѓе, биле силувани 2152 жени а заробени 37. Материјалните штети биле огромни. Само Крушево претрпело штета од околу 80 000 златни лири. Востанието го привлекло вниманието на турската власт кон МРО и го засилила уништувањето на четите и на самата Организација. Одгласот на востанието бил многу силен. Тоа може да се докаже со подоцнежните воведени реформи од Австрија и Русија. Светската јавност била запознаена со македонското прашање и со положбата на македонското население.

Заклучок

Илинденското востание е врвот на македонската националноослободителна и револуционерна борба. Иако исфорсирано од туѓи сили, сепак ова востание ја покажало желбата за слобода на македонскиот народ. И покрај разните ветувања и мамки, населението предводено од МРО останало само во борбата

против вековниот поробувач и експлоататор. Покрај трагичниот завршеток на востанието, македонскиот народ конечно отворено излегол во борба за своите национални и социјални права. Жестината на борбите за Крушево, Смилево, борбата кај Маргара и ред други само ја потврдуваат решеноста на населението за ослободување од вековниот робски јарем. Поддршката на населението кон четите на организацијата го прикажува односот на македонското население кон МРО и желбата за слобода. Сево ова кажано претходно го става Илинденското Востание на пиедесталот на македонските националнореволуционерни појави.

Користена литература:

Христо Сиљанов, Ослободителните борби на Македонија, т.1 Илинденското востание (превод од бугарски Глигор Стојковски) (редакција Иван Катарџиев), Скопје 2003

Ангел Динев,Илинденска епопеја, книга 1(превод и редакција Владимир Картов), Битола 1987

Историја на македонскиот народ, т.2, ИНИ, Скопје 1969

Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Скопје 2003

Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во ХИХ и ХХ век, том втори,Илинденското востание, Мисла, Скопје 1987

Историја на Крушево и Крушевско,книга прва, д-р Александар Матковски,д-р Крсте Битоски, проф. Крум Томовски, д-р Коста Балабанов, редактор д-р Крсте Битоски, Крушево 1978

Христо Андонов Пољански, Одбрани дела, тВ. Илинденското востание, Мисла, Скопје 1980

Дарко Дорошевски

Македонски фолклор низ фотографии

Во триесетите години на минатиот век американската издавачка куќа "Manhattan House" објавила една книга со наслов "The Secret Museum of Mankind". Книгата е полна со фотографии од целиот свет направени во првите две децении од дваесеттиот век. На нејзините страници се наоѓаат и неколку фотографии на Македонки и Македонци во народни носии.

Во продолжение од неколку броја „Македонска Ризница" ќе ги објави тие фотографии заедно со оригиналните записи и преводи.

MEMBERS OF THE SOUTHERN POPULACE OF NEW SERBIA

In Galitchnik, as in other villages of Western Macedonia, fragments and relics of old Macedonian lore are evident in the everyday life of the present generation, whose festivals are a curious fusion of ancient rites and permeated with strange cosmogonic myths. The women present a medley of homeliness and pretension, and though possessing little education are not without intelligence

ЧЛЕНОВИ НА ЈУЖНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО НОВА СРБИЈА

Во Галичник, како и во други села во западна Македонија, фрагменти и остатоци од старата македонска традиција се очигледни во секојдневниот живот на сегашната генерација, чиишто празници се љубопитна мешавина на античките ритуали проткаени со чудни космогониски митови. Жените претставуваат спој од едноставност и претенциозност, и иако имаат мало образование не се без интелигенција.

Интервју со Ј

Благој Нацоски

Ја имавме честа, по повод јубилејниот број на Македонски Ризница, да поразговараме со еден од амбасадорите на културата на Република Македонија, оперскиот пеач Благој Нацоски. За неговите впечатоци од бројните настапи, идни и сегашни планови, ќе имате можност да прочитате во интервјуто коешто следи:

1. Што работите во моментов на професионелен план?

- Моментално сум на подготовки во Фиренца, за новата продукција на операта „Орфеј во пеколот" од Жак Офенбах, каде ја толкувам насловната улога. За првпат ќе ја изведувам оваа опера, а исто така и за првпат ќе настапам во Операта на Фиренца, односно „Teatro del Maggio Musicale Fiorentino", градот каде што е родена оваа музичка форма и театарот каде во моментов Зубин Мехта е шеф диригент, а пред него биле Рикардо Мути и Клаудио Абадо.

2. Што мислите за актуелната македонска музичка сцена? Знае ли македонското општество да ги вреднува вистински квалитетните пејачи и групи?

- Не доволно. Мислам дека првин треба да се направи јасна дистинкција помеѓу уметничката вредност на популарната музика и класичната музика. Во Македонија, а и не само „се става сè во ист кош". Не потценувам ниедна друга музичка форма но сепак мора да се има еден критериум и да се прави разлика, но истовремено да се внимава класичната музика да не се гледа како нешто „шик", резервирано само за одредена група на луѓе од општеството. Ако се задржам пак само на класичната музика, во Македонија и тука е сè измешано. Имено, многу од медиумите даваат иста важност, па некогаш и поголема, на еден студент по оперско пеење кој запеал на некој концерт во однос на еден докажан оперски пејач со повеќегодишна меѓународна кариера. Од друга страна пак, изземајќи неколку исклучоци, медиумите во Македонија, како пишани, така и електронски, не посветуваат доволно внимание на оваа префинета уметност.

3. Која е вашата омилена оперска улога?

- Веројатно не можам да изберам само една улога. Има три улоги кои досега највеќе ги имам пеено и за кои во моментов имам договори во разни театри во светот до 2015 година и никако да ми здосади од нив. Тоа се Ферандо во „Така прават сите" од Моцарт,

Дон Отавио во „Дон Џовани" исто така од Моцарт и Алмвавива во „Севилскиот бербер" од Росини. Ферандо да речеме го немав пеено повеќе од две години и во текот на месец мај оваа година повторно ми се укажа можност да го пејам во Вилнус Сити опера во Вилнус, Литванија, каде имав огромен успех. Тоа за мене беше шеста продукција на оваа опера и не само што не чувствувам „замор" од нејзиното изведување, туку би рекол дека колку повеќе ја пејам толку повеќе ја засакувам. Тоа се должи веројатно и на фактот што постојано откривам нови нијанси на интерпретација на улогата, а веројатно и како поминуваат годините така и пристапот кон неа ми е различен од уметничко-зрелостна гледна точка.

4. Знаете ли некогаш за своја душа да запеете и некоја македонска народна песна? Која ви е омилена?

- Како не, се разбира! Има повеќе македонски



народни песни кои ги потпевнувам: Зајди, зајди, Калеш Анѓа, Што ми е мило, во Струга дуќан да имам, Болен ми лежи Миле Попјорданов и др. Ги пејам не само за моја душа туку често и во ситуација каде сум во друштво на пријатели и колеги од разни земји во светот. Од друга страна пак, во 2012 за првпат изведов целовечерен концерт во Рим со дела од македонски композитори и најискрено како се ближеше концертот сè повеќе воочував дека сите македонски композиции се со тажен карактер па се плашев таа едноличност да не биде досадна за публиката така што точно 2 дена пред концертот со мојот уметнички соработник, диригентот Алесандро Д'Агостини, кој во случајов ме придружуваше на пијано, решивме да изведеме и преработка на неколку македонски песни како финале на вечерта. Заедно ги избравме „Јовано, Јованке", „Калеш Анѓа", „Што ми е мило во Струга дуќан да имам" и „Болен ми лежи Миле Попјорданов" и Маестро Д'Агостини направи прекрасна класична преработка задржувајќи ги карактеристиките на македонскиот фоклкор и тоа за рекордно брзо време. Од овие 4 песни настана т.н. „Свита Македонија" која имаше огромен успех вечерта и која ја изведов на уште четири други концерти во Италија досега, а неодамна ми беше побарана и од мои колеги за изведба и во други земји. Истата доби и оркестарска верзија која ја имаше својата премиера на Божиќниот концерт во Универзалната Сала во Скопје во Јануари оваа година и беше вистинско изненадување и уживање за македонската публика.

5. Како се доживуваат вашите изведби на македонски песни на вашите настапи во

странство?

- Делумно одговорив на ова прашање во претходниот одговор, но македонските композиции со исклучително класичен карактер одлично се примени на моите настапи. По одличното искуство со рециталот во Рим си дадов задача барем еднаш годишно да давам целовечерен концерт со македонска музика во разни градови како во Италија така и во други држави. Во април оваа година имав повторно таков концерт во рамките на АМИФЕСТ 2013 во Бари, а следната сезона веројатно ќе одржам таков концерт и во Милано. Песните од фолкорен карактер пак имаа и особен успех во Јапонија, каде по моја желби беа изведени од тамошен хор и тоа за мене претставуваше посебен момент.

6. Колку вашите соработници се запознаени со земјата од која доаѓате?

- Не сакам да звучам нескромно но како што се вели народски „пена ми фати устава" од раскажување за Македонија во последниве петнаесетина години. Мило ми е што многумина дознаа токму од мене за неа.

7. Какви се вашите идни планови за соработка? Дали да очекуваме слични соработки како неодамнешната со уметниците од Јапонија?

- Како Амбасадор на културата донекаде и е моја обврска да работам на што повеќе соработки како онаа со уметниците од Јапонија. Со Јапонија работам на случајот да стане традиционална таа соработка и најверојатно веќе во 2014 една група на македонски изведувачи ќе одржат концерт во Токио, додека во МОБ ќе се изведе една јапонска опера во македонско-јапонска копродукција.

Се разбира тоа бара голема посветеност и се трудам покрај обврските како оперски пејач да оставам простор и за делување на ова поле. Мојот календар е скоро полн до 2015 и тоа со настапи освен во Европа и во САД, Канада, Јужна Америка, Кина, Јапонија и во следниот период ме чекаат и три нови улоги. Ќе се потрудам за време на овие настапи да остварам и контакти и за соработка со нашата земја на полето на културата.

Благојче Андонов

Владо Јаневски

Владо Јаневски е македонски писател, стрип автор, сликар или поедноставно кажано човек со многу таленти. Досега во Македонска ризница е објавен еден негов краток расказ, како и 19 епизоди со неговиот стрип јунак мачорот **Бромо**. Доколку сакате да видите уште некоја од неговите преубави слики посетете ја FB страната - **Vlado Janevski - my art**.

Полноќна мелодија

Сонува градот,
над него небото спие.
Тишина одек ствара,мрмори
молкот низ улица празна.

Ми слете во сонот,
и потем во соба зачекори тивко.
Се зададе стихија небеска, нота скрои,
еден сонет сосема случајно се створи.
Од постели молчешкум
Полноќна мелодија ме краде, со само
еден стих смело кон срце се вдаде.

Гледам, и не си верувам,
каква убавина одненадеж небото
рујно го покри;
заузда бранови-разбранети,
смири обали-разлутени.
Слушам , и не си верувам,
ветрот засвире акорди нови
строфа додаде за мојава младост
а незнае, тие звуци на душава ѝ се слабост.

Полноќна мелодија
усни невини ми опи, и тивко
поглед кон далечина ми се топи.

Гледам како таа мелодија, потивко полека
изчезнува:
-Кроз магливите прапорци на ноќта,
некаде под искрите на осамените ѕвездени
прашини
каде ветрот го втасува заборавот
каде далечината со блискоста се поздравува.
Таму некаде одекна за последен пат,
таа небеска мелодија
со камбаните на зорите пропратена.
Загрме улицата, запиште молкот ,
бура небото крена.
Полноќна мелодија списка,
се распламеа ноти, разгоре жар
од дамнешен пожар згаснат.
Мирот од немирот го украде,
сонот од несоницата го завзема
тишината на молкот ја зароби.

Потем гледам,
од исток светлост се вдаде, поруши сонет
штотуку создаден.
Се буди градот, а над него небото се расонува.
Плами со полн сјај прва искра сончева,
во гради што се засолнува.
Си помислувам,онака замислувам
дали повторно низ тишините ќе зазвучи,
онаа мелодија на полноќ за да ме разбуди.

Мај, 2013

Кратко инфо

Милица Пашовска е родена во 1992 година во Скопје. Таа е студент, а со пишување се занимава од раните години, но активно започна во последните четири години. Зема учество на конкурси ширум државата.

Од последното учество на конкурсот во Демир Хисар по повод светскиот ден на книгата, при Дом на култура „Илинден" и народната библиотека „Петре М. Андреевски"-Демир Хисар, освои втора награда со песната „Видување".

Сеуште нема објавено своја книга, но во моментот работи на тоа. И во блиска иднина планира издавање на збирка поезија и роман. Останатите поезија, проза и раскази можете да ги прочитате на нејзината фејсбук страна насловена Другата страна на прозорецот : **https://www.facebook.com/DrugataStranaNaProzorecot** и на Топ Пост **http://toppost.mk/** каде редовно објавува свои дела.

Питу Гули

македонски революционер, портрет карикатура во боја на хартија

Никола Анѓелкоски

Една година од постоењето на Македонска Ризница

По повод јубилејот, една година од постоењето на нашето и ваше електронско списание посветено на македонската историја, култура, уметност, традиција и бит, редакцијата на „Македонска Ризница“ одлучи да им се заблагодари на сите свои досегашни соработници.
Дигитални благодарници ќе бидат доделени на сите оние кои што на било кој начин учествувале во збогатувањето со содржина на некој од досегашните 12 броеви на „Македонска Ризница“. Освен дигитални, и отпечатени благодарници ќе им бидат доделени на сите соработници, со исклучок на оние неколкумина со кои што не успеавме да договориме и изнајдеме начин истите да им бидат врачени, како и на оние од странство.

Во текот на овој месец ќе се потрудиме сите над 50 испечатени благодарници да стигнат до нашите ценети соработници. Првиот кому што му врачивме благодарница е магистер Кире Филов од Штип кој што во збогатувањето на „Македонска Ризница“ со историски статии учествува уште од нејзиниот прв број. Благодарницата на магистер Филов, на 1 јули 2013 година, му ја врачи графичкиот уредник на „Македонска Ризница“, Сашо Гачев.

Александар Стеванов,
издавач на „Македонска Ризница“

Во следниот број ќе читате:

- Ајдутството во Македонија
- Нестрам
- Извештај за злосторствата на окупаторите...

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители

cOoLTuRa